Кристина Николовска

# СВЕТОСТИШЈЕТО НА АНТЕ ПОПОВСКИ

(Анте Поповски: *Света песна*. - Скопје, МАНУ, 2001)

## 1. Свети стихови

Светостишјето на Анте Поповски е свет од *свети стихови*, е *свет свет*, е *светлост*.

*Светата песна* во 40 пеења со над 22 илјади стихови е светот на светостишјето.

Првото пеење *Каин и Авел* од ова грандиозно пеење е *портал* кој фасцинира со сакралниот однос кон зборот.

И како што расте првото пеење *Каин и Авел*, расте и односот кон зборот. Со секој стих, сфаќаме дека сме во *свети стихови*, не само поради тематиката, туку и поради култниот, сакрален однос кон зборот. Негата, грижата кон зборот, е рамна на негата кон животот, светлината, светоста.

Свет во кој зборовите се облизнувааат, и тие зборови-близнаци потоа стануваат две посебни индивидуи. Зборот станува сенка на претходниот, зборовите се откриваат преку сопствените сенки, преку своите родени еха. На такво искушение се и - мислите. Мислите генетски "растат" една од друга, се оплодуваат.

## 2. Нови мисловни локации

Така се возродуваат *нови мисловни локации*, места на кои никогаш со мислите не сме биле сами, а сега, поведени од поетот, откриваме можни места. Тие можни места се *чедни локации, нови светови, светови-сознанија, светови врвови на мисловни "планини"*. А кој нѐ води кон тие мисловни локации? – Светиот збор, само тој нѐ поведува кон новомислието поетово, кое станува и наше. Тој посед е едно од најсветите места што воопшто сум го посетила. Првото пеење Каин и Авел е раскошен локалитет на свечени мисли, премудро ехо на својата праматрица, ехо-полемичар, ехо-совест на *пра*приказните, - ново, можно огледало на *пра*мислите и дилемите. Такви се стиховите за навек, како:

*оваа моја кобна постела, Каине,-*
*е и твој дел: така, брату мој, Каин,*
*јас, Авел, помлад од тебе во животот*
*сега сум постар од тебе - во смртта!*
(531 -541,стр. 12)

Извесна *натпоетизација* на универзалните "топоси" од Стариот завет", се прави преку детализација, суптилизација, како во стиховите:

*О, Ева, Ева,*
*друг и понаков лик на мојата душа*
*и на моето тело,*
*сега јас сум само дух од себеси а ти*
*- коска од мојата коска,*
(1 - 10, стр. 13)

Тоа значи дека уште има да се "резба" во зборот, но и во приказната нивна. Приказната за Адам и Ева, и овде сака да ги покрене дилемите за гревот, но и за последиците од него. По гревот надојдоа страдањата, братоубиствата, "совршенството на смртта":

*По Откровиение ќе нема и - море,*
*татко Адаме,*
*зашто самите Го избравме совршенството на*
*смртта...*
(312-320,стр. 11)

Наследноста на гревот, но и на смртта, е префинет мисловен локалитет, кој всушност прашува: дали е можно генетско регенерирање на гревот, но и на смртта преку поколенијата? Во стихови, таа дилема изгледа вака:

*Потекнавме сите од тебе, Адаме,*
*ти нè зачна во грев,*
*и како што Гревот преку тебе се насели*
*во животот а преку гревот и смртта –*
*така и смртта моја преку мене*
*премина на сите живи.*
(400, стр. 26)

Дали *наследноста на сите нешта* е содржана во праприказните? Дали тие се носители на генетски наследни фактори, дали и ние сме однапред предодредени само да ги примениме тие фактори? Во праксата тоа се: односи, констелации, состојби, разрешувања. Поезијата само ни предочува, кристализира, филтрира, до степен на култна очигледност и прегледност на тие наследни праслучувања. Дали потоа само се делат улогите и имињата на тие ролји?

Овие стихови од пеењето *Каин и Авел* нè прашуваат и нè иницираат себе да се прашуваме, но и да се *пре*прашуваме, да бидеме недоверливи кон дефинитивноста на пораките. Пораките се резервоар, особено пораките од праписмата, од неколкуте Вечни книги на овој свет, извор кој - секогаш е - нова, обновена вода. Затоа, со *умна недоверба* треба да се однесуваме кон текстот на *пра*текстовите, како што се *пра*приказните од Библијата.

Ако се метонимија следните стихови:

*сега јас сум само дух од себеси а ти*
*- коска од мојата коска,*
(1 - 10, стр. 13)

тогаш треба да сфатиме и дека: метаполемиката со *пра*приказните, се развива токму преку метонимиски однос кон нештата. Детализацијата, нијансите, се само дел од средствата кои се можни за да се полемизира.

## 3. Време на животот и време на смртта

Сретнавме мисловни "топоси" во оваа поезија, достојна на свети стихови. Тоа се сознанајни локалитети кои не може да се заборават, доколку се "впијат":

*и сега засегаш ти времето го подели*
*на време на животот и време на — смртта:*
(690, стр. 37)

Новото сознание дека постои "време на животот" и "време на смртта" е голем капитал за секој љубител на спознанието. Но и на секој искусник, на секој страдалник, и на оној кој некогаш ќе се сретне со овие стихови, како и на оние што несреќно ќе се разминат со нив. Ние ја имавме среќата да се сретнеме, а не да се разминеме со овие светостишја. Не допре, како секој искусител на животот, и причината

за "поделбата на времињата". Да појасниме преку самите стихови, кои се однесуваат на Каина:

*Смртта негова е дело само твое и на никој*
*друг*
*и таа смрт сега фрла сенка на сиот живот,*
*и не само врз твојот и мојот живот,*
*и не само врз животот Адамов,*
*туку таа сенка се издолжува отаде животот*
*и сега засекогаш ти времето го подели*
*на време на животот и време на смртта;*
(690, стр. 37)

"Сенка, отаде животот, време на смртта" - немаше никогаш да ги сретнеме овие локации, доколку поетот *така* не ги виде. Точно е, "времето на смртта" е присутно, само што ние не го мериме, никој не го воочува и контролира. Тоа препуштено, оставено, запоставено време, бара свој статус и своја смисла во овие размисли.

И светостишјето, кое е култивиран рефрен:

*Помлад од тебе во животот*
*но постар - во смртта,*
(531-541, стр. 11)

донесува мисла дека и *смртта има возраст* и дека и таа треба да се мери, онака како што некогаш ќе мора да си признаеме дека *времето на смртта* е тука, сосема до нас, крај нас, па и во нас, преку *нечии смртти*, преку *нашата идна смрт*, преку *нашата претходна небиднина,* која се разрешила - со живот. Делителот на времето, но и творецот на смртта и првиот "осмислител на смртта", Каин, ни покажа *како* се дели времето - на живо и на мртво. Во *мртво време* живеат унесреќените, оти *ја живеат смртта* на блиските свои. *Оживувањето на смртта* е всушност *не* нејзино укинување, туку умртвување на животот на живите, блиски на мртвите. За такви процеси пее поетот, и кога ја слуша исповедта на Ева:

*(...) Затоа,*
*твојата болка, сине Каине,*
*е само сенка на мојата...*

(780, стр. 40)

Метонимискиот "мотор" е повторно активен, кога нечија болка е само дел од онаа на другиот. За таква наследна генетска врска на емоциите пее поетот, и ни дава ретка можност да си ја препознаеме и сопствената, личната драма, непризнаената, сокриената од себе и од другите. Тогаш и нашата болка станува само "сенка", "дел", "залче" од нечија претходна, поголема. Нашата болка е само "ехо" од болката на Ева. Праболот на пражената, на прамајката, е сосема - наш бол. Истиот е.

Дека всушност сè делиме, се гледа и од стиховите кои велат дека и во најголемата осама, ние сепак *само* делиме нешто, макар и светот околу нас, кој не можеме да го контролираме:

*Ти отиде а јас*
*седам сама*
*и заедно со една црна птица во дворот*
*го делам залезот како леб*

(900, стр. 44)

Животот на "погрешните" е всушност - нашиот живот, зошто Ева се исповеда дека:

*Тешко е покрај огниште без тебе, о, Авел,*
*Адам и јас,*
*наместо да им раскажуваме приказни*
*на твои деца и наши внуци,*
*санoќ, како погрешни, гледаме во пламенот*
*и во него ја препознавме твојата душа*

(900, стр. 44)

Оттогаш живееме живот на погрешни, оттогаш го делиме и гревот и грешките со светот околу нас, оттогаш се обидуваме да ја поднесуваме казната или пак ги исправиме нештата. Но, сè е сенка на нешто што било, негово ехо, настаните, постапките, гестовите, наследните реакции се само сенка на *пра*реакциите на *пра*луѓето, кои можеби само во поезијата се чувствуваат - чисто, невино и безбедно.

За таков свет пее поетот Анте Поповски, тој свет го видел, светот на унесреќените, кои жалат што среќата им била дарувана токму ним, та за да ја изгубат.

А толку *сме ние* ти *пра*несреќници, толку сме нивни потомци на настани, емоции и приказни, ние наследници на можната вистина сотворена преку светите стихови на грандиозниот поет Анте Поповски.

Сторијата за Каин и Авел, се преточува во препознавање, кое веќе е длабоко населено во други домови... Затоа праматрицата е само праоснова за приказната на многу идни, сегашни Каини, Авели, итн.

**4. Текстот на пратекстот и пратекст на текстот**

Оваа акустична полифона метаполемика, е прочистено промислување не само над *пра*сторијата, туку и над *пра*исконот, *пра*состојбите. Затоа, пратекстот, праматрицата, старозаветните праматрици, се во состојба не само на ново доживување, туку на откривање на некое *пра*старо, можно.

Се постига акустична полифоност, и на гласовите, на ехата, на сенките на Адам, Ева, Каин, Авел. Ова сериозно *пре*осмислување на праприказните, на прамитовите, покажува татковски однос на поетот - кон текстот на пратекстот, но и кон пратекстот на новиот текст.

Оттаму, оваа стихорезба импонира со својата возраст, со својата спокој на тонот, на обраќањето, со сигурност.

**5. Осветување**

*Светата песна* на Анте Поповски е свет на светостищје, па ако светоста, пред се значи блискост кон Бога и тајните божји, тогаш, ова светостищје ќе значи блискот кон неговиот, а сега и нашиот Бог - кон Зборот. По искуството со овој свет од стихови, сфаќаме дека светоста навлегла во нас, дека *осветени сме ние*, дека интимата со неговиот свет од зборови и размисли, *нè осветила*. Поезија која праќа сигнали дека Бог е некаде "зад" зборовите, дека отсекогаш таму и бил, и дека зборот е неговото - тело. Зборот е неговата крв, неговиот сок од кој се причестуваме.

Зборот е дискретниот претставник на Бога и на неговите пораки.

Искуството со оваа поезија - е осветување, процес на сакрализација.

Тогаш - поезијата е причесна.

А, замислете, ова е само првото пеење од *Светата песна*...

(Од книгата: *Филозофемски мрежи*, Зојдер, Скопје, 2004, стр. 116-124)